Врз основа на член 353 ст. 1 т. 1, член 358, член 455, член 456, член 460 и член 460-а од Законот за трговски друштва, член 34 и член 44 т. 14 од Статутот на ТИТАН УСЈЕ АД Скопје (Друштвото), Одборот на Директори без одржување на седница на ден 24.04.2026 година донесе	Pursuant to Article 353 para. 1 item 1, Article 358, Article 455, Article 456, Article 460 and Article 460-a of the Trade Companies Law, Article 34 and Article 44 item 14 of the Statute of TITAN Usje AD Skopje (the Company), the Board of Directors without holding a session on 24.04.2026 adopted the following
ПРЕДЛОГ ОДЛУКА **За одобрување на голема зделка со заинтересирана страна**	**DRAFT DECISION** **for approving major business deal with interested party**
Член 1 Заради постоење на взаемен интерес за деловна соработка во рамките на редовното работење (давање и земање на заеми; кредити и гаранции), СЕ ОДОБРУВА Друштвото да склучи голема зделка со заинтересирана страна по тековни пазарни услови за слични типови на трансакции.	**Article 1** Due to the existence of mutual interests for business cooperation within the frames of the regular operations (borrowing/lending loans and guarantees), it is hereby APPROVED for the Company to conclude major business deal with interested party under prevailing market conditions for similar type of transactions.
Член 2 СЕ ОДОБРУВА склучување и реализација на голема зделка со заинтересирана страна со која Друштвото, во својство на Заемопримач, зема заем од Титан Глобал Финансе ПЛЦ Обединето Кралство, во својство на Заемодавач, чија поединечна или кумулативна вредност посебно за период од денот на донесувањето на оваа одлука, а заклучно со 03 февруари 2031 год. нема да го надмине износот од 30.000.000,00 евра, зголемен за камати и трошоци.	**Article 2** It is hereby APPROVED to conclude and implement a major business deal with an interested party, whereby the Company, in its capacity as Borrower, takes a loan from Titan Global Finance PLC United Kingdom, in its capacity as Lender, whose separate or cumulative value of each individual item, for the period starting from the date of adoption of this Decision up to and including 03rd February 2031, shall not exceed the amount of 30.000.000,00 EUR, increased by interest and costs.
Член 3 Вредноста на зделката од член 2 на оваа Одлука претставува 26.8% од активата на Друштвото определена врз основа на последните ревидирани финансиски извештаи. Согласно одредбите на Законот за трговски друштва и Статутот на Друштвото, а земајќи ја предвид вредноста која претставува повеќе од 20%, но не повеќе од 50% од активата на Друштвото, ова претставува голема зделка со заинтересирана страна која потпаѓа под правилата за одобрување на голема зделка со заинтересирана страна и истата е предмет на одобрување од страна на Собранието на акционери на Друштвото.	**Article 3** The value of the transaction referred to in Article 2 of this Decision represents 26.8% of the Company's assets, as determined on the basis of the latest audited financial statements. Pursuant to the provisions of the Law on Trade Companies and the Company's Statute, and taking into account that the value exceeds 20%, but does not exceed 50% of the Company's assets, this transaction constitutes a major transaction with an interested party, which is subject to the rules applicable to the approval of major transactions with interested parties and requires approval by the Shareholders' Assembly of the Company.

Член 4 СЕ ОВЛАСТУВААТ членовите на Одборот на Директори, да ги преземат сите потребни дејствија за потпишување на договор со заинтересираната страна наведена во членот 2 од оваа Одлука, а заради спроведување на истата.	**Article 4** The members of the Board of Directors ARE AUTHORIZED to undertake all necessary actions for the execution of the agreement with the interested party referred to in Article 2 of this Decision, for the purpose of its implementation.
Член 5 Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето.	**Article 5** This Decision shall enter into force on the date of its adoption.
Член 6 Предлог одлуката за одобрување на голема зделка со заинтересирана страна да се достави до Собранието на акционери заради донесување.	**Article 6** The Draft Decision for approving major business deal with an interested party to be submitted to the Shareholders' Assembly for its adoption.
ОБРАЗЛОЖЕНИЕ Со оглед на тоа дека големата зделка со заинтересирана страна цитирана во член 2 од оваа Предлог Одлука ја надминува вредноста од 20% од вредноста на активата на Друштво определена врз основа на последните ревидирани финансиски извештаи, обезбедено е мислење од овластен ревизор во согласност со член 460-а став 1 од Законот за трговските друштва.	**EXPLANATION** Given that the major deal with an interested party stipulated in Article 2 of this Draft Decision exceeds the value of 20% of the Company's assets as determined on the basis of the latest audited financial statements, an opinion from an authorized auditor was obtained in accordance with Article 460-a paragraph 1 of the Trade Companies Law.
Д.Н. *- Архива* *- Сектор за финансии* *- Правна служба*	Sent to: *-Archive* *-Financial department* *-Legal section*

Одбор на директори/Board of Directors
Претседател/President
Марио Брачи / Mario Bracci
_____